**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Бр. 09 -365/24 од 08. 11. 2022 година**
**Чучер-Сандево**

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево врз основа на член 126 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на РСМ" бр.89/22 и 171/22), решавајќи по барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-277/1 од 28.02.2020 година поднесено од операторот Рудници БАЊАНИ Акционерски друштво с.Кучевиште Скопје со седиште во с.Кучевиште ЧУЧЕР САНДЕВО, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1.**СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на операторот Рудници БАЊАНИ Акционерско друштво с.Кучевиште Скопје со седиште во с.Кучевиште ЧУЧЕР САНДЕВО, за инсталација за површински коп за експлоатација на варовник со погон за производство на сепариран и микронизиран варовик.

2.**СЕ ЗАДОЛЖУВА** операторот Рудници БАЊАНИ Акционерско друштво с.Кучевиште Скопје со седиште с.Кучевиште ЧУЧЕР САНДЕВО, да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-365/23 од 08.11.2022 година.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Операторот Рудници БАЊАНИ Акционерско друштво с.Кучевиште Скопје со седиште с.Кучевиште ЧУЧЕР САНДЕВО, до Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево поднесе барање бр.09-277/1 од 28.02.2020 година за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола за површинскиот коп за експлоатација на варовник со погон за производство на сепариран и микронизиран варовик бр.0802/215 од 18.02.2020 година, изработено од РИ-ОПУСПРОЕКТ ДОО Скопје.

Согласно Уредбата за определување на активностите за инсталациите за кои се издава еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на РМ" бр.89/05) инсталацијата е опфатена во Прилог 2, Точка 3 - Индустрија на минерали, подточка 3.2 - Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење и загревање на минерални суровини.

Операторот Рудници БАЊАНИ Акционерско друштво с.Кучевиште Скопје достави дополнителни документи во однос на барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-277/1 од 28.02.2020 година и тоа: на ден 16.11.2021 година примени под бр.09-1099/1 и на ден 18.03.2022 година примени под бр.09-365/1.

Во однос на дополнително доставениот документ - Дозволата за користење на вода од бунар УП 1 -11/5-510/2021 ден 21.06.2021 година издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање -Управа за животна средина -Секор за води, службено побаравме мислење / признесување со допис бр.09-365/2 од 22.03.2022 година

од надлежниот орган кој ја издал дозволата, односно од Министерството за животна средина и просторно планирање -Управа за животна средина -Сектор за води.

По разгледување на поднесеното барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-277/1 од 28.02.2020 година, за утврдените недостатоци донесен е Заклучок бр.09-365/3 од 28.03.2022 година, со задолжување за отстранување во рок од 30 дена по прием на заклучокот.

На ден 11.04.2022 година доставено е Дополнување на барање бр.0802/215 од 18.02.2020 година за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола за операторот Рудници БАЊАНИ Акционерско друштво с.Кучевиште Скопје примено под бр.09-365/4. Поради нецелосното постапување по Заклучокот бр.09-365/3 од 28.03.2022 година, доставено е дополнително барање за дополнително дополнување бр.09-365/5 од 26.04.2022 година, по кое операторот постапи и достави Дополнување на барање бр.09-365/7 од 26.05.2022 година.

Во однос на Барањето мислење / призенсување бр.09-365/2 од 22.03.2022 година, доставено е Известување на нашето барање бр.11-2172/2 од 27.04.2022 година од Министерството за животна средина и просторно планирање-Управа за животна средина - Сектор за води.

По комплетирање на барањето издаден е Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-365/8 од 30.05.2022 година со пресметка за определување на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, пресметан согласно член 2 став 1 од Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-Интегрирана еколшка дозвола ("Службен весник на РМ" бр.117/07, 64/10 и 186/16).

Операторот извршил уплата на надоместокот при поднесување на барање за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на ден 02.06.2022 година и достави доказ за извршената уплата.

Согласно член 99 став 1 од Законот за животната средина, барањето за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола на 06.06.2022 година е објавено во дневениот весник "Нова Македонија" и на веб страна на Општина Чучер-Сандево. По истекување на законскиот рок од објавата не се доставени забелешки, мислења и коментари од засегнатата јавност во однос на барањето.

На ден 13.07.2022 година извршен е увид на инсталацијата од страна на овластено лице од Општина Чучер-Сандево, за што е составен Записник за констатација од извршен увид бр.13-365/14 од 15.07.2022 година.

На 27.09.2022 година доставен е Сертификат AQRA за 14001:2015 бр. на сертификат: МК.30.177 од 25.04.2022 година.

Изготвена е Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-365/15 од 19.09.2022 година, која согласно член 107 став 12 и член 122 став 4 од Законот за животна средина е доставена до операторот со допис бр.09-365/19 од 30.09.2022 година и истата е објавена на ден 06.10.2022 година во дневен весник "Нова Македонија" и на веб страната на Општина Чучер-Сандево, со право на забелешки во рок од 14 дена од приемот на нацртот, односно објавата на нацртот на дозволата.

По контакт и договор со одговорното лице од операторот, а на ден 03.11.2022 година доставено е барање за корекција, односно бришење на ознаките 8.3 и 8.10 со

меките од програмата за подобрување во Нацрт Б-Интегрираната еколошка дозвола бр.09-365/15 од 19.09.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а по претходно спроведена постапка и исполнување на условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение операторот на инсталацијата и засегнати правни и физички лица, како и здруженија на граѓани основани заради унапредување и заштита на животната средина може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението. Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил :
Убавка Шкакарова ____________

**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
Сашко Комненовиќ

____________________